## 69. СТЕМНИЛО МИ СЕ СМРАЧИЛО

Крај: Тиквеш, Неготино
Пеела: Катица Илиева
Родена: Неготино, 1941 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр. 250/1
Снимена: Неготино, Тиквеш
27 октомври 1959 год.
Мелограф.: Скопје, 27.05. 1964.




1. Стемнилу ми се смрачило,
   Пелистер магла фатило;

2. Пелистер магла фатило,
   моме си патот згрешило;

3. моме си патот згрешило,
   право си оди в Димчета;

4. Димче ѝ вели говори:
   — Aj да те земам за жена!

5. Кога ѝ рече за жена,
   крвава роса зароси.

6. Димче ѝ вели говори:
   — Aj, да те земам за сестра!

7. Кога ѝ рече за сестра,
   пролетно цвете расцвете.

Забелешка: Секоја мелострофа се пее по двапати.


Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978